***З А П И С Н И К***
***од 6-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 24.02.2022 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци на Советот на општина Демир Хисар во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 10 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Ивана Кочовска, Филип Ангелевски, Љупчо Најдовски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Нестороски.

На седницата присутен беше Градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутни беа претставници од Одделение за финансиски прашања Влатко Станковски и Марина Поповска, од одделение за човечки ресурси Игор Дамјановски, од Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС Загорка Милошевска и Катерина Бошевска. На седницата присутни беа Мирјана Јанчевска и Зоран Стевановски со предходно писмено известување за нивното присуство.

Бидејќи Советот нема избрано претседател, согласно член 68 став 5 седницата ја свика и со неа раководеше најстариот член на Советот Љупчо Најдовски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од трета седница на Совет на општина Демир Хисар
Во врска со записникот советничката Александра Трајковска стави забелешка на технички грешки во записникот во делот на презимето на советник, а советникот Валентин Несторoски за точка 9 во цитирање на насловот на програмата да се корегира. Други забелешки немаше. За усвојување на записникот со забелешка за исправка на техничките грешки гласаа 11 „за“.

-Усвојување на записник од четврта седница на Совет на општина Демир Хисар
Записникот од четвртата седница беше усвоен со 11 „за“.

-Усвојување на записник од петта седница на Совет на општина Демир Хисар
Записникот од петтата седница беше усвоен со 11 „за“.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за доделување на финансиски средства на иницијативен одбор за набавка на храм „Свети Кирил и Методиј“ во Демир Хисар.
2. Донесување на Буџет на Општина Демир Хисар за 2022 година.
3. Донесување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година.
4. Донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година.
5. Донесување на Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2022 година.
6. Донесување на Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2022 година.
7. Усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот за Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2021 до 31.12.2021 година.
8. Донесување на Одлука за давање согласност на измени и дополнување на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2022 година.
9. Донесување на Одлука за издавање деловен простор под закуп.
10. Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација по барање на Никола Филиповски од с.Жван Демир Хисар.

11. Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација по барање на Владо Дранговски ул.Сотир Брбевски бр.11 Битола.
12. Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација по барање на Пецо Пауновски ул.Гоце Делчев бр.68 Демир Хисар.
13. Усвојување на Извештај за реализација на Годишната Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2021 година.
14. Усвојување на Програма за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2022 година.
15. Усвојување на Програма за работа на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2022 година.
16. Донесување на Решение за давање согласност на Ценовникот за вршење на услуги за за превоз од страна на Јавното претпријатие Дехи Транс-Демир Хисар.
17. Усвојување на Годишен извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар во текот на 2021 година.
18. Донесување на Одлука за доделување на финансиски средства на Раде Несторoски од с.Утово.
19. Предлози и прашања.

Претседавачот Љупчо Најдовски ја отвори седницата и предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа ги запозна советниците до Советот има доставено барање за финансиска помош поднесено од Раде Несторoски од Утово доколку се согласуваат советниците предложи дополнување на Дневниот ред со точка 18. Одлука за доделување на финансиски средства на Раде Несторoски од с.Утово. За предлогот гласаа 10 „за“ советникот Валентин Несторовски ги извести советниците дека не учествува во процесот на одлучување, бидејќи се однесува на негов родител. Претседавачот Љупчо Најдовски во врска со одлуката од предходната седница кога се одлучи да се донира надоместокот запраша дали и градоначалникот ќе ја донира платата за да не се дели од советниците. Градоначалникот Никола Најдовски рече не е проблем да ја остави платата ако и претседавчот ја остави пензијата потоа додаде секако планира да остави средства во износ на надомест на советник кога ќе се отвори жиро сметката. Претседавачот Најдовски додаде си дадовме збор една плата и една пензија не беше шала ова е добронамерно кога ќе се отвори жиро сметката. Советникот Валентин Несторовски дополни во врска со одлуката да не се запира јануарската дневница, надоместоците да се задржат тогаш кога ќе има жиро сметка да се донира надоместокот. Раководителот Влатко Станковски објасни во одлуката која беше донесена стои дека средствата од јануарската дневница ќе бидат пренаменети во подставка 464990 други трансфери и ќе се уплатат на сметката на иницијативниот одбор за изградба на храмот Св. Кирил и Методиј и не можиме поинаку да постапиме. Советничката Сандра Пејковска додаде од стручен аспект така е, а советничката Ивана Кочовска предложи да се направи анекс на одлуката. Советникот Сашо Михајловски додаде да нема забуна не дека сме против одлуката, да не стојат средствата на сметка тогаш можеби ќе биди и повисок износот. Советниците со 11 „за“ се согласија да се направи изнена на одлуката за што се направи дополнување на дневниот ред со одлука во која ќе се регулира надоместокот од советниците да се донира кога ќе биди отворена жиро сметката на иницијативниот одбор. Други предлози немаше. За усвојување на Дневниот ред со дополнувањето гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 1. Одлука за доделување на финансиски средства на иницијативен одбор за набавка на храм „Свети Кирил и Методиј“ во Демир Хисар***

Со Одлуката за доделување на финансиски средства на иницијативен одбор за набавка на храм „Свети Кирил и Методиј“ во Демир Хисар ќе се регулира уплатата на средствата ќе се изврши веднаш штом ќе се формира иницијативниот одбор за изградба на храм „Свети Кирил и Методиј“ во Демир Хисар, а вкупниот износ на финансиските средства ќе се пресмета како месечен надомест за членовите на Советот на општина Демир Хисар за соодветниот месец во кој ќе се изврши исплатата. За ваквата одлука гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 2. Буџет на Општина Демир Хисар за 2022 година***

Во врска со Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година Градоначалникот Никола Најдовски истакна има нови моменти, имаше координација на советничките групи од која произлегоа некои промени. Нов момент е што треба да се направи експропријација на земјиште и треба да се планираат дополнително уште 400.000, а овие средства ќе се скрати од репрезентација 200.000 и кај членарината за Центар за пелагониски плански регион ќе се скрати 200.000. Исто така со

зголемување на минималната плата ќе треба да се планираат плус 800.000 ќе се скрати во договорни услуги 300.000 и кај разни трансфери 500.000. Тоа е она што е новиот момент од предходно предложениот Буџет, исто така и проблемот со високите сметки за електрична енергија. Со ваквите измени се исполнети барањата и предлозите од предходната седница, треба да се донеси буџетот, ние сме едниствена општина која нема буџет. Во делот на забелешките за трошоци за репрезентација можеме да спореддиме со која сакате година, имало години по 1.500.000 се планирало репрезентација и се трошело по 1.400.000. Како што кажав и предходно несакам никој да ми плаќа чорба, нити ќе чекам, огромни средства се потрошени за преземени обврски останува уште многу малку за нормално однесување на градоначалник. Ова е добар предлог ова е минимум за функционирање на општината обврските кои се преземени сега почнуваат да течат и зголемувањето на сметките за струја е од 200.000 на еден милион да можеме да ги сервисираме овие обврски оваа година ќе биди добро. Претседавачот Љупчо Најдовски му даде збор на претставниците од адмнистрацијата детално да ги објаснат ставките. Претставникот Марина Поповска објасни во програма А0 совет ставката 404 се намалува за 120.000 тоа се надоместокот кој е дониран за храмот и се префрла во истата програма ставка 464 разни трансфери. Во програмата А0 ставка 413 тековни резерви се намалува 40.000 се префрлаат во програма Д0 на 413 тековни расходи од оваа ставка се исплаќа за починат член на семејство на вработен. Во програма Е0 ставка 485 планирано е 200.000 се додава уште 400.000 (а овие средства се кратат од програма Д0 426други тековни расходи 200.000 и 200.000 од програма Е0 426 други тековни расходи) овие средства се планираат за експропријација на земјиште. Има зголемување во приходниот дел ставка 717 за улично зголемено за 2 милиони поради зголеменаta такса за улично осветлување и истите се планирани во расходи во програма Ј3 исто таму е зголемено за овие два милиони наменети за сметки за струја. Претседавачот Најдовски праша дали со вие средства ќе се покријат сметките за струја, потоа праша дали има јавна набавка и колку е сметката. Раководителот Влатко Станковски објасни имаше јавна набавка, но со новонастанатата ситуација раскинат е договорот, нема да ја добиеме таа цена што ја имавме предходно со новиот договор, во меѓувреме општините се преземени од ЕВН многу се високи цените, ќе видиме каква цена ќе добиеме на набавка можеби нема да се доволни овие средства. Претставникот Марина Поповска продолжи во програма Е0 425 договорни услуги се кратат 300.000 и од 464 разни трансфери се кратат 500.000 и овие 800.000 се распоредуваат во ставките наменети за плата и надоместоци од плата кај општинска администрација и пожарна тоа е поради зголемување на минимална плата, опфатени се 13 лица. Претседавачот Љупчо Најдовски додаде со ова се прифатени 90 % од моите забелешки кои ги дадов на третата седница за буџетот. Со овие предлози не остана ништо за кратење освен да се скрати 100.000 од ставката за репрезентација за градоначалник и овие средства ќе одат во Совет за вакви случаеви како што е барањето со кое го дополнивме на дневниот ред. Предлогот од градоначалникот е домаќински и мојот предлог за оваа пренамена е во интерес на граѓаните да му помогнеме и да има средства ако има потреба од патување да дадеме допринос за проекти и слично. Ако не се потрошат овие средства, а да има потреба кај градоначалник тука сме ќе му ги префрлиме ако има потреба. Советничката Сандра Пејковска побара пауза за консултација. После паузата Советничката Сандра Пејковска истакна забелешките се на место во интерес на сите да се најде едно заедничко решение наместо предлогот 100.000 да се пренаменат 50.000, ќе има и други барања, исто и кај градоначалникот ќе има потреба од средства. Доколку советниците имаат потреба од патување градоначалникот ќе излези во пресрет со возило. Предлогот е 50.000 да се пренаменат во програма А0 совет, а 50.000 да останат во програма Д0 градоначалник. Претседавачот Љупчо Најдовски предложи тие 50.000 кои се планирани за програмата совет да се наменат за барањето од Раде Настороски кое ќе се разгледува на денешната седница, другите 50.000 нека останат во Д0 градоначалник нека ги користи домаќински. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Буџетот со предлозите за измени и дополнување гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“.

Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски констатира Буџетот е донесен потоа додаде паметно и домаќински да се работи. Градоначалникот Никола Најдовски истакна сите сме свесни дека треба да се работи во интерес на општината има многу работа и советот треба да биди на висината на задачата да се оставаат партиските, личните суети на страна во интерес на граѓаните. Нека е со среќа донесувањето на буџетот, потоа ги извести советниците поради обврски мораше да ја напушти седницата. Советникот Сашо Михајловски истакна тоа треба да е обострано, потоа упати забелешка

она што се пишува на социјалните мрежи не е убаво, она што сега се пишува по една година ќе се срами од сето тоа. Одлуките се носат со 11 за кој совет тоа го правел досега тоа не е коректно од градоначалник. Градоначлникот Никола Најдовски рече ако сметате дека тоа не е коректно јас ќе се извинам тоа не ми е проблем. Некоректно почна од ваша страна со носење на Буџетот без никакви забелешки. Реакцијата на социјалните мрежи беше одговор на коментар на статус објавен. Не беше коректно и тоа што се коментираше со навредливи зборови, имаше телевизиска екипа за да дадам изјава, но ја вратив не дадов изјава, сакав коректно да се однесуваме да соработуваме, но и покрај недонесувањето на буџетот и обезбедување услови за нормално функционирање имаше навредливи коментари. Ако се такви правилата на игра морам да се бранам, не сум јас крив и незнам на кого му смета што после три години се почнаа активностите на патот за манастирот Св. Тома или не сум знаел што е тоа кабинет. Сега лично ви се извинувам за тоа што го напишав. Советничката Ивана Кочовска додаде нападот беше упатен на погрешни луѓе, потоа додаде кој советник го отвара пликот на самата седница. Градоначалникот Никола Најдовски истакна не го донесовте Буџетот, не презедов ништо, ве поканив на кафе и после тоа добив неубави коментари. Коректни да бидеме сите и вие и јас. Советничката Ивана Кочовска забележа тоа значи ние не сме коректни. Градоначалникот Најдовски додаде три месеци поминаа и не преземам ништо немам буџет, нема нормални услови за работа и да се каже дека не се правеле проекти, а не се донесе буџет. Ова не е моја игра, јас нема да играм така ви се извинувам лично на сите, нема никогаш прв јас да напишам. Сме прекутиле многу за други функционери, се имав видено и не коментирав, тоа што е напишано е од мој профил и затоа јас се извинувам. Сите недоразбирања овде заено ќе ги решиме, но како и сите вие и јас некаде одговарам. За советничката група на СДСМ имам позитивно мислење. Немам проблем со доблест и суети коректно е да се прифати одговорноста. Советникот Сашо Михајловски додаде ставот е исти, причините се исти прифаќаме што се извини потоа додае ако сакаш избришиго коментарот и во иднина немој да се водиш од коментари од некој и да не е од градоначалник од просветен работник не го личи тоа. Носиме одлуки со 11 за тоа е коректно од наша страна. Причината е иста комисиите ова е само сугестија.

***ТОЧКА 3. Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година***

За Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 4. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година***

За Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Претседавачот Љупчо Најдовски праша кои се измените во член 9. Претставникот Поповска објасни во овај член се зголеми бодот на вработените кои се опфатени со зголемување на минимална плата. Претседавачот Најдовски праша дали можи Советот да донеси одлука да ги зголеми платите на вработените кои се изложени на опасности при работа. Раководителот Влатко Станковски објасни овие вработени веќе имаат додаток за тоа не се на минимална плата, исто со зголемувањето на минималната плата ќе бидат опфатени повеќе нивоа. Тие што земаат под минимална плата ќе ги опфати сите ќе се зголеми вредноста на бодот за тие кои се по закон за работни односи, исто и административните службеници кои се со пониска плата од минималната ќе има додаток, некој и сега имаат додаток, бидејќи се под минимална плата. Претседавачот Љупчо Најдовски побара објаснување за член 17 од одлуката. Претставникот Марина Поповска објасни тековните резерви можат да се користат за смрт на починат родител на вработен, а за направен расход над 50.000 е со одлука на Совет. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2022 година***

За Одлуката за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 6. Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2022 година Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2022 година***

За Буџетскиот календар на општина Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Дискусија немаше. За усвојување на Буџетскиот календар гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 7. Квартален Извештај за извршување на Буџетот за Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2021 до 31.12.2021 година***

За Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот за Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2021 до 31.12.2021 година објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Претседавачот Љупчо Најдовски праша дали се вкалкулирани и пренамените кои беа донесени.

Претставникот Марина Поповска одговори да и дека ова е реализираното. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 8. Одлука за давање согласност на измени и дополнување на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2022 година***

За Одлуката за давање согласност на менување на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше раководителот Игор Дамјановски. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 9. Одлука за издавање деловен простор под закуп***

За Одлуката за издавање деловен простор под закуп претседавачот Љупчо Најдовски истакна некој од објектите кои се сопствност на општината тоа се задружните домови по селата се во катастрофална состојба. Има некој домови каде треба да му платиме за да работи некој во нив, овие продавници селата ги држат во живот, а не да му земаме закупнина. Затоа предложи Советот да формира една комисија да ги посети објектите да се утври во каква состојба се. Ние не можеме да ги негираме договорите кои веќе се склучени, закупците должат пари, на отплата ќе си ги подмират обврските тука не се мешаме. Советот да формира комисија од тројца советници кои ќе ги посетат објектите на лице место, да заземиме став објектите кои се во лоша состојба корисниците да ги одржуваат наместо да плаќаат закупнина, него тие средства да ги вложуваат во одржување на објектите. Додека објектите кои се во добра состојба закупците да си плаќаат закупнина. Затоа предложи на оваа седница да не се носи одлуката да се одложи за наредна седница, на оваа седница да се формира комисијата и да се направи увид на лице место, а после тоа да се донеси одлуката. Советничката Сандра Пејковска дополни го делам мислењето добро е во сите села да има продавница, потоа побара од стручните служби да дадат појаснување кој е начинот дали законот дозволува да се изготви правилник за најповолни услови да му се излези во пресрет на населението, но исто да се прави по методологија колку ние можеме да излеземе од таа рамка. Предлогот е добар дали има можност за правилник со најниски цени, паричните средства да се пребиваат во реконструкција. Раководителот Влатко Станковски објасни согласно закон Советот располага со имотот на општината, нема никаде законска одредба дека можат да се ослободат од плаќање. Постапката оди со објавување на оглас со јавно наддавање, праксата беше она што се вложило комисиски се утврдува и за вредноста на тој износ се одбива од закупнината. Советникот Валентин Несторoски додаде тие средства кои се вложени да му се пребијат. Претставникот Загорка Милошевска додаде тоа се практикува има земени објекти кои немаат вложено ни денар. Градоначалникот има формирано комисија која излегува на терен и утврдува дали навистина има вложено, дали имало потреба, дали тоа што е вложено е реално и прифатливо и доколку комисијата го прифати тоа доставува фактури и врз основа на тој износ се врши пребивање на закупнината. Претседавачот Љупчо Најдовски објасни законот го носиме ние заради тоа ја одлагаме точката најпрво да ја утврдиме фактичката состојба. Пример со домот во с.Журче таму има продавница домот е во катастрофална состојба, закупецот вели да биде ослободена од закупнина тоа е 1600 денари месечно, а за тој износ ќе го одржува објектот односно кога ќе заминува да го остај во иста состојба во која го нашла. Станува збор за вакви објекти во малите населени места каде одвај живееат неколку семејства, останатите објекти како што е домот во Суводол кој е хала деловен простор тука нема отпишување и други објекти како него. Затоа е предлогот за формирање на вакво тело еден член ќе бидам јас дајте и вие двете страни по еден предлог и администрацијата со стручни совети правно ќе го усогласиме. Човечки и разумно е да донесиме правилник, ако има заинтересирани нека наддаваат мора да ги прилагодиме правилникот согласно состојбата на теренот и подрачјето. За членови во комисијата беа предложени 1.Љупчо Најдовски, 2. Сандра Пејковска( доколку не е во можност да учествува заменик Валентин Несторoски) и Јорде Кромидаровски, а одлуката ќе ја донесиме на наредната седница сега да се одложи. Советникот Валентин Несторoски праша дали ќе можат да ги одржуваат објектите, затоа што одржувањето е поскапо од плаќање закупнина. Претставникот Загорка Милошевска додаде на сите му се истечени роковите на договорите. Советничката Сандра Пејковска дополни донесувањето на одлуката не смета во насока на работа на телото за посета на домовите. Ако нема лицитација дали може да се склучи договор. Да се донеси одлуката , на крај пак ќе ја донесиме одлуката. Раководителот Влатко Станковски рече мислам не може на поинаков начин да се ослободат. Ако има заинтересирани ќе има лицитација. Претседавачот Љупчо Најдовски истакна наша желба е да останат продавниците по селата, што менува ако се одложи на 15 дена секако се истечени договорите. Советникот Сашо Михајловски рече важно е законски да е покриено. Советничката Ивана Кочовска додаде одложувањето не менува ништо. Дискусија повеќе немаше. Советниците одлучија точката да се одложи, да се даде можност комисијата да направи увид на терен.

***ТОЧКА 10. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација по барање на Никола Филиповски од с.Жван Демир Хисар***

За Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација по барање на Никола Филиповски од с.Жван Демир Хисар објаснување имаше Претставникот Катерина Радовска. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 11. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација по барање на Владо Дранговски ул.Сотир Брбевски бр.11 Битола***

За Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација по барање на Владо Дранговски ул.Сотир Брбевски бр.11 Битола објаснување имаше Претставникот Катерина Радовска. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 12. Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација по барање на Пецо Пауновски ул.Гоце Делчев бр.68 Демир Хисар***

За Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичка планска документација по барање на Пецо Пауновски ул.Гоце Делчев бр.68 Демир Хисар објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Претседавачот Љупчо Најдовски праша зошто има проблем за легализација на објектот на Драге Пајковски. Претставникот Катерина Радовска одговори тоа барање има решение за одбивање на легализацијата, бидејќи има записник од инспектор каде стои дека објектот е граден после влегување во сила на законот за легализација. Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски додаде како е одбиено барањето кога таму има изградено објект од кога знам, треба да се излези во пресрет, да поднесат барање до Советот. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 13. Извештај за реализација на Годишната Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2021 година***

За Извештајот за реализација на Годишната Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2021 година објаснување имаше претставникот Тони Петровски. Мирјана Јанчевска упати забелешка зошто не се покриени два месеци од завршување на едниот тендер до избор на друг, во овај вакум простор има зголемен број на кучуња скитници. Претставникот Тони Петровски објасни секоја година се распишува тендер периодот додека се избере нова фирма има вакум простор кој не е покриен. Постапката е во тек, планирани се 400.000 денари има пријавени повеќе фирми. Мирјана Јанчевска додаде во овај вакум простор имаше напад на три лица каснати од куче, има многу кучиња од сопственици кои шетаат, а ние се оправдуваме со тоа што го чекаме тендерот. Ако се случи некој да е тужи општината ќе се наплатат многу средства. Зошто да се чека да се случуваат вакви работи, а едно куче да се третира е 3.500 денари. Советничката Сандра Пејковска праша кој е твојот предлог. Мирјана Јанчевска објасни предлогот е да се изнајде начин да се покрие тој вакум простор, исто така и средствата кои се планираат се намалени тоа не е законски, програмата треба да се планира на 500.000 да не се крати. Имаше заинтересирано повеќе граѓани да учествуваат на седницата, но поради условите и пандемијата не дојдоа, пет кучиња се третираа остана уште едно, во овај вакум простор треба да се направи анекс на договорот за да нема хаос. Советничката Ивана Кочовска се согласи предлогот е во ред има начин да се реши тоа, сега имаме ситуација кога е завршен договорот. Претставникот од општината Тони Петровски објасни за кучињата на сопствениците ние не сме надлежни, зборуваме за кучиња скитници за нив се носи програмата. За овај вакум простор ти беше дозволено да се третираат пет кучиња одобрени беа 25.000 за заловување поинаку не можи. Што се однесува за напади од кучиња до нас нема пријава. Оваа година програмата е планирана на 400.000 бројот на кучињата е ист кој треба да се третираат. Забелешките на Мирјана Јанчевска беа зошто се намалени средствата во програмата, зошто во јавната набавка се наведува број на кучиња кои треба да се третираат да нема бројка него да стои цена на извршена услуга по куче и да нема вакум простот до изборот на нов изведувач. Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски констатира ја разбравме поентата треба да се излезе во пресрет. Советникот Валентин Нестороски додае проблем е и тоа што заловените кучиња се враќаат на местото каде се заловиле, потоа праша дали има можност стационар да се направи. Претставникот Тони Петровски објасни законски тоа е така, за стационар е тешко да се изведе. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

ТОЧКА 14. Програма за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2022 година

За Програмата за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2022 година воведно излагање имаше ВД Директорот Гоце Мицковски, истакнувајќи програмата е изготвена од предходниот директор помината на управен одбор и доставена до Советниците. Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски упати неколку прашања до вд Директорот Гоце Мицковски и тоа за резервоарот во с.Журче да се исчисти, забелешка при читење на снег да не се оди со кренат нож на машината има реактција од граѓаните, отец Серафим реагираше за патот до манастирот во Слепче и Журче да се даде приоритет таму живеат монаси и монахињи, зошто се избркани двајца вработени потоа додаде се што е во интерес на граѓаните стоиме на располагање. Советничката Александра Трајковска праша до каде е со договорите за собирање на смет во Сопотница. Советникот Сашо Михајловски упати честитки за изборот на вд Директор, а потоа забележа колку е исправно да се оди со програма изготвена од предходен директор имаше доволно време да се изготви нова програма. Во точка 5 за депонијата современа депонија и нови корисници на смет. Сите ја знаеме депонијата во каква состојба е се сомневам дека истата се посипува со земја, а се планира вклучување на нови корисници тоа значи со вакво однесување депонијата ќе дојди до првите куќи. Можеби вие имавте нов предлог за депонијата

затоа и забележав дека требаше нова програма затоа што сега депонијата е во катастрофална состојба. Потоа предложи да се користи машината ровокопачот која е заедничка со општините и да се уреди депонијата, со депонијата состојбата е алармантна. На крај додаде имав и други забелешки, но друг ја изготвувал програмата. Советникот Валентин Несторoски предложи да се дислоцира депонијата да се најди друго место колку е законски определено местото и да се посипува со земја како што налагаат обврските. ВД Директорот Гоце Мицковски објасни без разлика дали стои во програмата или не незначи дека нема да биде сработено ако не стои во програмата. Ова е само план. Во Журче базентот за снабдување со вода беше во лоша состојба, екипа ќе ги посети сите објекти и ќе даде приоритет кој се во најлоша состојба ќе се исчистат, за чистењето на снег се возев 15 саат во возилото и не се чистеше со кренат нож, за приоритетите на чистење Советот во програмата ги определува местата, манастирите не се влезени во програмата мислам чистењето на снегот е сработено како што треба согласно програмата и приоритетите определени во програмата. За раскинување на договорите на двајцата вработени имало инскецискиински надзор и донесена е одлука да се поништи огласот зошто ќе имаме пријава, за договорите за собирање на смет во Сопотница ќе се склучат, за депонијата е малку сложено има преку 100 диви депонии се пристапи кон нивно дислоцирање мора сметот таму да се носи се размислува за реагионална депонија и тоа за рециклирање на отпад, но тоа е подолг процес засега останува оваа депонија. Советничката Ивана Кочовска додаде за рециклирање на отпад има погрешен впечаток дека со тоа ќе се загадува, а советничката Сандра Пејковска предложи повеќе андажман на сите надлежни институции да има повеќе контрола. Претседавачот Љупчо Најдовски додаде од одговорите сум задоволен, но дека возилото врвеше со кренат нож видов со свои очи и затоа тоа го кажувам не е провокација. Дискусија повеќе немаше. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 15. Програма за работа на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2022 година***

За Програмата за работа на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше вд Директорот Данка Петревска. Советничката Сандра Пејковска праша кога ќе се добие лиценцата, а советникот Јордан Кромидаровски праша дали ќе можи и други патници да се возат. ВД Директорката Данка Петровска ги запозна советниците во постапка е обезбедувањето на лиценца за вршење на превоз со тоа ќе има можност да се возат и други патници. Дискусија немаше. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 16. Решение за давање согласност на Ценовникот за вршење на услуги за за превоз од страна на Јавното претпријатие Дехи Транс-Демир Хисар***

За Решението за давање согласност на Ценовникот за вршење на услуги за за превоз од страна на Јавното претпријатие Дехи Транс-Демир Хисар објаснување имаше вд директорот Данка Петревска, цените се поскапени 10%. Ценовникот беше донесен кога цената на нафтата беше 58 денари имаше на повеќе наврати зголемување на цената на нафтата затоа и се предложи. Дискусија немаше. За давање согласност на ценовникот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 17. Годишен извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар во текот на 2021 година***

За Годишниот извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност Демир Хисар во текот на 2021 година немаше присутен претставник, бидејќи немало избрано командир на полицисата станица. Дискусија немаше. Извештајот беше усвоен со 11 „за“.

***ТОЧКА 18. Одлука за доделување на финансиски средства на Раде Несторoски од с.Утово***

За Одлуката за доделување на финансиски средства на Раде Несторoски од с.Утово Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски истакна од предходната дискусија и предлози предлозив 50.000 од пренамената да одат за оваа одлука доколку советниците имаат предлог за дополнителни средства можат да предложат. Од направените дискусии советниците одлучија 60.000 да се одобрат. За предлогот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 19. Предлози и прашања***

Советниците предложија исплатата на надоместокот да биди до 10 ти за предходниот месец и да се исплатат сите заостанати надоместоци.

Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен. Претседавачот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 298/3
14.03.2022 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседавач,
Љупчо Најдовски с.р.